**Влада на Република Северна Македонија**
Бр.4401-17/63

# З А П И С Н И К
од Шеесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 9 јуни 2020 година

Скопје, јуни 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 јуни 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 14:40 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и  д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владимир

Лазовски, заменик на министерот за култура, Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, Гордана Димитриеска Кочоска, дополнителен заменик на министерот за финансии, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваше заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки.

*

*　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- ✓ Усвојување на Записникот од 57-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 мај 2020 година

1. Записник од Седумдесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 9 јуни 2020 година

2. Годишна сметка, финансиски извештаи и консолидирани финансиски извештаи ревидирани од овластен ревизор и Годишен извештај за работењето во периодот од 1 јануари 2019 до 31 декември 2019 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, со Извештај на независен ревизор и предлог - одлуки

3. Информација за можна финансиска поддршка од ЕБОР (Европската банка за обнова и развој) за проекти на АД ЕСМ-Скопје од обновливи извори на енергија

4. Информација за давање на согласност на Правилникот за посебни барања за безбедност на храната произведена со иновирани технологии, со Предлог - одлука

5. Информација за текот на реализација на Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Посебниот кредитен фонд (ПКФ) со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19, како и за измените во одобрените списоци 3 и 4

6. Информација за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Компензационите фондови со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19 (Список бр.3)

7. Повторна Информација за решавање на проблем околу несоодветно одгледување, чување и движење на крупен добиток на територија на Крива Паланка

8. Барање согласност од Друштво за производство на производи за посебна намена 11 Октомври - ЕУРОКОМПОЗИТ АД за пролонгирање на рокот за отплата на позајмицата кон АД МЕПСО

9. Одлука за давање на позајмица на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - П.О. Скопје

10. Предлог - уредба со законска сила за финансиска поддршка за зајакнување на конкурентноста на деловните субјекти од областа на индустријата во пост КОВИД 19 периодот

11. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за возила за време на вонредна состојба

12. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за угостителска дејност за време на вонредна состојба

13. Предлог - уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година

14. Предлог – програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година

15. Предлог - програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година

16. Предлог - програма за изменување на Програма за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година

17. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини на локалитетите “с.Отошница“ општина Ранковце, “Градиште“ општина Штип, “Голем Врв“ општина Демир Хисар и “Малка“ с.Мали Влај општина Струга, со предлог – решенија

18. Информација за изградба на пруга Куманово - Бељаковце, за период до 31.3.2020 година

19. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за катастар на недвижности за време на вонредна состојба

20. Предлог - уредба со законска сила за плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за вработените во медиумите

21. Предлог – уредба со законска сила за измена на Уредбата со законска сила за носење лична заштита заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од Коронавирусот COVID-19 и заштита на населението за време на вонредна состојба

22. Предлог - уредба со заонска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на населението од заразни болести за време на вонредна состојба

23. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за формирање Фонд за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од COVID-19

24. Предлог - уредба со законска сила за финансиска поддршка на естрадните уметници за време на вонредна состојба

25. Предлог - одлука за дополнување на Одлуката за начинот на исплата на средства од сметката за донација на Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID - 19

26. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Градска општа болница „8 - ми Септември" – Скопје

27. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје

28. Понуда од нотар Весна Масловариќ - Костовска од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.102531 за КО Тетово 1 на КП бр. 238 дел 2 викано место / улица И.Р.Лола бр.204 и Имотен лист бр. 102615 за КО Тетово 1 на КП бр.238 дел 2 викано место / улица И.Р. Лола бр.204

29. Понуда од нотар Лазар Козаровски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.31382 за КО Кисела Вода 1 на КП бр.2450, КП бр.2451, КП бр.2452, КП бр.2453, КП бр. 2469 викано место/улица Кавалска и КП бр.2449 викано место/улица М.Мијалковиќ

30. Кадровски прашања

31. Прашања и предлози

32. Конечен извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје

33. Конечен извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на усогласеност на институционалните капацитети на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за реализација на надлежностите, за период од 2016- до 30 октомври 2019 година

34. Тромесечен финансиски извештај за работењето на АД ТЕЦ Неготино, за периодот јануари-март 2020 година

35. Годишен извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права за 2019 година

36. Годишен извештај за работата на Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права за 2019 година

37. Информација за прогрес на активностите во процесот на изработка на Стратегијата за паметна специјализација (С3) (за период октомври 2019 – мај 2020 година), со Рамка за процесот на развивање Стратегија за паметна специјализација

38. Информација за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло Скопје за 2017 година

39. Информација со Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за градежно земјиште за време на вонредна состојба

40. Информација во врска со Програмата за субвенции за кофинансирање на настани за 2020 година

41. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за определување на бројот на кандидати кои се запишуваат на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски", Скопје во студиската учебна година 2020/2021 година, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија

42. Информација за активностите на ЕУ за справување со дезинформациите и ширењето на лажни вести вклучително и поврзани со пандемијата на КОВИД-19

43. Предлог - одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Ресен

44. Информација за потреба од дисконт на фактури и отпис на долг од страна на РВ "Студенчица" Другово, кон ЈП Комуналец Кичево

*

*     *

**Владата без забелешки го усвои Записникот од 57-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 мај 2020 година**

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>**Точка 1**</u>

Владата го разгледа Записникот од Седумдесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 9 јуни 2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата ги усвои следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Седумдесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 9 јуни 2020 година.

2. Го усвои Протоколот за спроведување и полагање на квалификационен испит на учениците во Државното средно училиште за ликовна уметност и дизајн Лазар Личеноски Скопје во учебната 2020/2021 од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство и од Министерството за образование и наука, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

3. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да подготви оперативни планови за засилено дејствување во насока на засилени контроли за почитување на одлуките, мерките, препораките и протоколите на Владата, со цел спречување на ширење на Коронавирус COVID-19 и заштита на јавното здравје, особено во подрачјата со пораст на бројот на заболени лица и имајќи ги предвид епидемиолошките текови и состојби особено во таргетирани подрачја на Градот Скопје, општините во Градот Скопје и околните општини во Градот Скопје, како и во општините Куманово, Липково, Штип, Карбинци, Тетово и околните тетовски општини Боговиње, Брвеница, Теарце, Желино и Јегуновце.

4. Се задолжува Инспекцискиот совет и сите надлежни инспекциски служби, како и Управата за финансиска полиција да подготват одделни акциски планови за зајакнати и интензивирани контроли во рамки на своите надлежности, со цел почитување на одлуките, мерките, препораките и протоколите на Владата, во функција на спречување на ширење на Коронавирус COVID-19 и заштита на јавното здравје, особено во подрачјата со пораст на бројот на заболени лица (наведени во Заклучокот број 3).

5. Се задолжува Државниот санитарен и здравствен инспекторат во секое издадено решение за домашна изолација да предвиди одредба со која лицето ќе биде задолжено да ја преземе (инсталира) мобилната апликација „Стоп корона!“, заради превенција од ширење на Коронавирус COVID-19, а секое непочитување на ваквата одредба да се санкционира со задолжително спроведување во државен карантин.

6. Се задолжува Министерството за одбрана да даде соодветна поддршка (кадар) на Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

7. Се задолжува Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство да подготви и за наредната седница на Владата да достави соодветни протоколи за отпочнување со работа на спортски објекти, вежбални, спортски сали и пливачки базени, протоколи за отпочнување со работа на установите од областа на културата (кино сали, библиотеки, театри, музеи и други) и протокол за начин и услови за работа на хотели.

Овие протоколи да бидат таргетирани наменски за подрачјата во кои епидемиолошките состојби овозможуваат отпочнување и воспоставување на начин и услови за работа.

**<u>Точка 2</u>**

Владата по Годишната сметка, финансиските извештаи и консолидирани финансиски извештаи ревидирани од овластен ревизор и Годишниот извештај за работењето во периодот од 1 јануари 2019 до 31 декември 2019 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, со Извештај на независен ревизор, со предлог – одлуки, ги донесе:

1. Новиот текст на Одлуката за одобрување на Годишната сметка на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, за периодот од 1.1. 2019 до 31.12.2019 година, во предложениот текст.

2. Новиот текст на Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, за периодот од 1.1.2019 до 31.12.2019 година, во предложениот текст.

3. Новиот текст на Одлуката за одобрување на консолидираните финансиски извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, за периодот од 1.1.2019 до 31.12.2019 година, во предложениот текст.

4. Новиот текст на Одлуката за одобрување на финансиските извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, за периодот од 1.1.2019 до 31.12.2019 година, во предложениот текст.

5. Најновиот текст на Одлуката за распоредување на добивката остварена во 2019 година по Годишната сметка и финансиските извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија“, во предложениот текст.

<u>Точка 3</u>

Владата ја разгледа Информацијата за можна финансиска поддршка од ЕБОР (Европската банка за обнова и развој) за проекти на АД ЕСМ - Скопје од обновливи извори на енергија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува АД ЕСМ да се обрати до ЕБОР и да отпочне формална процедура (Project appraisal) за ФЕ Осломеј 2 и ФЕ Битола, со цел да се дефинираат индикативните услови на финансирање без издавање на државна гаранција, кои ќе бидат предмет на Мандатното писмо.

2. Се задолжува АД ЕСМ да ја информира Владата на Република Северна Македонија за индикативните услови за финансирање со или без државна гаранција, пред потпишување на Мандатното писмо.

Истовремено, Владата заклучи АД ЕСМ - Скопје да го има предвид Мислењето на Министерството за финансии.

<u>Точка 4</u>

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност на Правилникот за посебни барања за безбедност на храната произведена со иновирани технологии, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност на Правилникот за посебни барања за безбедност на храната произведена со иновирани технологии.

<u>Точка 5</u>

Владата ја разгледа Информацијата за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Посебниот кредитен фонд (ПКФ) со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19

(Список бр.5), како и за измените во одобрените списоци 3 и 4, со прилог Список бр.3 измена бр.1, Список бр.4 измена бр.1 и Список бр.5, ја усвои Информацијата и го донесе следниот заклучок:

- Се задолжува Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје да склучи договори за кредит со кредитобарателите кои ги исполнуваат критериумите во Јавниот повик бр.1, наведени во Список бр.4, измена бр.1 и Список бр.5, прилог кон Информацијата.

## Точка 6

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Компензационите фондови од странска помош со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19, со прилог Список бр.3.

## Точка 7

Владата ја разгледа повторната Информација за решавање на проблем околу несоодветно одгледување, чување и движење на крупен добиток на територија на Крива Паланка, и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство согласно Законот за заштита и благосостојба на животните во рок од 15 дена да изврши вонреден инспекциски надзор од страна на сите пријавени регистрирани одгледувалишта од страна на лицата Гоце Ѓоргиевски, Адријана Ѓоргиевска и Боне Михајловски во поглед на тоа дали истите ги исполнуваат и задоволуваат стандардите за чување на повеќе од 300 грла на крупен добиток.

Исто така, надзорот да опфати и теренска контрола на целокупниот крупен добиток на наведените лица дали истите се соодветно третирани, чувани, хранети, напојувани и обележани.

2. Поради долгогодишните проблеми со кои се соочува Крива Паланка во врска со чување и одгледување на крупен добиток на подрачјето на Општина Крива Паланка, Министерството за финансии да ја разгледа можноста за одобрување на Агенцијата за храна и ветеринарство да вработи инспектор за храна и ветеринарство со место на извршување на работа и работни задачи во Општина Крива Паланка.

3. Се препорачува на Советот на Општина Крива Паланка во рок од 30 дена да пристапи кон измена на Програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници за подрачјето на Општина Крива Паланка за 2020 година со вметнување заловување на неозначени, бездомни, домашни животни (крупен добиток) на јавни површини во надлежност на Општината, а средствата за оваа намена да бидат обезбедени од Општината, имајќи ги предвид укажувањата од министерот за земјоделство,шумарство и водостопанство.

4. Се задолжува Агенцијата за храна ветеринарство по приемот на информација од Општината за заловени животни веднаш да изврши вонреден инспекциски надзор и превземе соодветни мерки согласно законот.

5. Се задолжува Државниот инспекторат за земјоделство во рок од 15 дена да изврши контрола во однос на користење на државните пасишта од страна на наведените одгледувачи на животни.

6. Се препорачува на Општина Крива Паланка да доставува информација за спроведените задолженија и за преземените мерки од институциите, на секои 3 месеци.

**Точка 8**

Владата го разгледа и го одобри Барањето согласност од Друштвото за производство на производи за посебна намена 11 Октомври - ЕУРОКОМПОЗИТ АД за пролонгирање на рокот за отплата на позајмицата кон АД МЕПСО, доставено до Владата под бр.04-0160 од 30.4.2020 година.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Одлуката за давање на позајмица на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - П.О. Скопје, донесена од Управниот одбор на ЈП Национална радиодифузија – Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Предлог - уредбата со законска сила за финансиска поддршка за зајакнување на конкурентноста на деловните субјекти од областа на индустријата пред и во пост КОВИД 19 периодот (нов текст) и ја донесе Уредбата, која предлагачот ќе ја усогласи со Секретаријатот за законодавство и Кабинетот на министерот без ресор задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска.

**Точка 11**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за возила за време на вонредна состојба, на предлог на предлагачот.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Предлог-уредбата со законска сила за примената на Законот за угостителската дејност за време на вонредна состојба и ја донесе Уредбата со заклучок Министерството за економија да го усогласи текстот на Уредбата со Секретаријатот за законодавство и согласно расправата на седницата на Владата.

**Точка 13**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на комисии за спроведување на јавни повици за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини на локалитетите „с.Отошница“ општина Ранковце, „Градиште“ општина Штип, „Голем Врв“ општина Демир Хисар и „Малка“ с.Мали Влај општина Струга, со предлог - решенија (нов текст), ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - вулкански туф на локалитетот „с.Отошница“ општина Ранковце (нов текст).

2. Го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - гранит на локалитетот „Градиште“ општина Штип (нов текст).

3. Го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Голем Врв“ општина Демир Хисар (нов текст).

4. Го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Малка“ с.Мали Влај општина Струга (нов текст).

**Точка 18**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за изградба на пруга Куманово-Бељаковце, за период до 31.03.2020 година, и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, во соработка со Надзорниот инженер да изготви сеопфатна анализа за секое од 4-те предложени опции, со предности, ризици и слаби страни за секоја од предложените опции како и проекција на финансиските импликации кои би биле предизвикани од секоја од опциите. Дополнително, во врска со Опцијата 2, која е посочена како најповолна, потребно е да се изработи и детална анализа во врска со позицијата која Работодавачот ја има од правен аспект, односно каде во поголем дел би се алоцирала вината во евентуалниот процес на терминација и во рок од 10 дена оваа анализа да ја достави до Владата.

2. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, во најкус можен рок да формира Одбор за разрешување на спорови (Dispite Adjudication Board - DAB).

**Точка 19**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за катастар на недвижности за време на вонредна состојба (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата ја симна од Дневниот ред Предлог - уредбата со законска сила за плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за вработените во медиумите и заклучи Министерството за труд и социјална политика да ја подготви истата во соработка со Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и да се разгледа на наредната седница на Владата.

**Точка 21**

Владата на предлог на д-р Венко Филипче, министер за здравство го одложи разгледувањето на Предлог – уредбата со законска сила за изменување на

Уредбата со законска сила за носење лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од Коронавирусот COVID-19 и заштита на населението за време на вонредна состојба.

**Точка 22**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на населението од заразни болести за време на вонредна состојба (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог -уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за формирање фонд за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од COVID-19, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 24**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - уредбата со законска сила за финансиска поддршка на естрадните уметници за време на вонредна состојба, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 25**

Владата ја одложи од рагледување Предлог - одлуката за дополнување на Одлуката за начинот на исплата на средства од сметката за донација на Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID – 19, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 26**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Градска општа болница „8 - ми Септември" – Скопје , во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за  престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Весна Масловариќ - Костовска од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.102531 за КО Тетово 1 на КП бр. 238 дел 2 викано место / улица И.Р.Лола бр.204 и Имотен лист бр. 102615 за КО Тетово 1 на КП бр.238 дел 2 викано место / улица И.Р. Лола бр.204 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 29

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лазар Козаровски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.31382 за КО Кисела Вода 1 на КП бр.2450, КП бр.2451, КП бр.2452 и КП бр.2453 викано место/улица Кавалска и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 30

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 31

**1.** Владата го разгледа Барањето од Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено под бр.12-2120/1 од 2 јуни 2020 година, за преземање активности од страна на Владата за одземање на надлежностите за уривање на бесправно изградените објекти на сите општини во регионот кој е под заштита на УНЕСКО и заклучи:

- Се задолжува Министерството за транспорт и врски да го разгледа доставеното Барање и до Владата да достави мислење со соодветни насоки за постапување по Барањето.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Барањето доставено од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за привремено вработување на соработници (36 лица) за потребите на мониторингот на Агенцијата, за време на предвремените парламентарни избори во 2020 година.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за период од 1 јуни 2020 година до 7 јуни 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата ја разгледа Информацијата од Општина Штип за рушење на старите и изградба на две нови трибини (источна и западна) на Градскиот стадион во Штип и го задолжи Министерството за транспорт и врски како надлежен орган да постапи по Информацијата и за истото да ја извести Општината.

**5.** Владата го разгледа и го одобри Барањето од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за продолжување на согласност за ангажирање на лица на определено време.

**6.** Владата во врска со потпишувањето на Договорот за заем со Светска банка (кое сеуште не е реализирано) ги задолжи Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство, утре (10 јуни 2020 година) до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да ги достават сите одговори што ги доставиле до Гордана Димитриеска Кочоска, дополнителен заменик на министерот за финансии по ова прашање, а дополнителниот заменик на министер за финансии да го достави комплетниот материјал што го има од Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство, со нотирани конкретни забелешки во однос на нејасните ставки.

Ова прашање да се разгледа на наредната седница на Владата, што ќе се одржи на 10 јуни 2020 година.

<u>Точка 32</u>

Владата го разгледа Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, да пристапи кон подготвување на Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

<u>Точка 33</u>

Владата го разгледа Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на усогласеност на институционалните капацитети на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за реализација на надлежностите, за период од 2016 година до 30 октомври 2019 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Државното правобранителство на Република Северна Македонија во соработка со Министерството за правда, да пристапат кон подготвување на Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на

Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на усогласеност на институционални капацитети на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за реализација на надлежностите, за период од 2016 година до 30 октомври 2019 година и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 34**

Владата го разгледа Тромесечниот финансиски извештај за работењето на АД ТЕЦ Неготино, за периодот јануари-март 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 35**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 36**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на активностите во процесот на изработка на Стратегијата за паметна специјализација (С3) (за период октомври 2019 – мај 2020 година), со прилогот, како материјал за информирање.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло Скопје за 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 39**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за градежно земјиште за време на вонредна состојба, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 40**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата во врска со Програмата за субвенции за кофинансирање на настани за 2020 година, поради потребата Министерството за економија согласно расправата на седницата на Владата да ја усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии.

**Точка 41**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на бројот на кандидати кои се запишуваат на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски", Скопје во студиската учебна година 2020/2021 година, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на Европската Унија за справување со дезинформациите и ширењето на лажни вести вклучително и поврзани со пандемијата на КОВИД-19, како материјал за информирање.

**Точка 43**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Ресен, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од дисконт на фактури и отпис на долг од страна на ЈП „Студенчица" Кичево, кон ЈП „Комуналец" Кичево и притоа заклучи да им препорача на ЈП „Студенчица" Кичево и ЈП „Комуналец" Кичево, согласно нивните статути да склучат меѓусебен договор за регулирање на ова прашање (дисконт на фактури и отпис на долг од страна на ЈП „Студенчица" Кичево, кон ЈП „Комуналец" Кичево), согласно претходно склучени вакви договори.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:50 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски Оливер Спасовски

Подготвил: Никола Пасков
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска